***Број: 02 - 21289/2***
***18.12.2009 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од LXIV -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 04.11.2009 со почеток во 10.00 часот*
*во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство - претседател;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, претставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ (делумно присутен);*
- *М-р Маја Парнарџиева - Змејкова, ВД директор на ФЗОМ;*
- *Татјана Лукановска, директор на секторот за финансии;*
- *Бранислава Катушевска, раководител на одделението за договарање и преговарање (делумно присутна);*

- *Кристина Христова, раководител на одделението за фармација (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, шеф на одделот за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

*Седницата ја отвори претседателот на Управниот одбор Беким Сали. Утврди дека се присутни пет членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување по што го изложи претходно доставениот*

## ***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н   Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од LXII -та седница на Управниот одбор одржана на 23.09.2009 година;*
- *Усвојување на записникот од LXIII -та седница на Управниот одбор одржана на 27.10.2009 година;*

1. *Одлука за утврдување на Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2009 година;*
2. *Информација за долгот на јавните здравствени установи за септември 2009 година;*
3. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2009 година;*
4. *Одлука за утврдување на референтни цени на лекови кои се на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
5. *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2009 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
6. *Разно.*

*Во врска со записникот од LXIII -та седница, извести дека сеуште не е изготвен па предложи тој да се усвои на наредната седница. Потоа праша дали има други предлози за дневниот ред на седницата.*

*Горан Коевски праша дали е изготвено мислење од стручната служба во врска со барањето од осигуреното лице незадоволно од квалитетот на некои помагала што се добиваат на товар на Фондот, кое го изнесе на минатата седница. Стручната служба извести дека мислењето е изготвено, и упатено на осигуреникот, како и на Владата на Република Македонија која исто така побара известување во врска со укажувањата на истиот осигуреник.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова побара Управниот одбор да го прошири дневниот ред со расправа за состојбата со користењето на лекот Glivec.*

*Управниот одбор го прифати предлогот, по што едногласно го усвои следниот*

## *Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од LXII -та седница на Управниот одбор одржана на 23.09.2009 година;*

1. *Расправа за состојбата со користењето на лекот Glivec;*
2. *Одлука за утврдување на Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2009 година;*
3. *Информација за долгот на јавните здравствени установи за септември 2009 година;*
4. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2009 година;*
5. *Одлука за утврдување на референтни цени на лекови кои се на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
6. *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2009 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
7. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од LXII -та седница на Управниот одбор одржана на 23.09.2009 година;*

*Управниот одбор едногласно и без забелешки го усвои записникот од LXII -та седница на Управниот одбор одржана на 23.09.2009 година.*

***ТОЧКА 1 -*** *Расправа за состојбата со користењето на лекот Glivec*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова го запозна Управниот одбор дека на Клиниката за хематологија во Скопје се третираат болни од хронична гранулоцитна леукемија со лекот Glivec. Со овој лек со специфично дејство се третираат 15 пациенти и според клиниката неговата примена не смее да се прекине или за пациентите кои го добивале ќе настанат тешки последици. Од клиниката е иницирано негово вклучување на Листата на лекови на товар на Фондот. Примената на овој лек започнала како проект финансиран од фирмата Новартис, а во буџетот на клиниката за 2009 година од страна на Фондот биле антиципирани средства за негова примена. Тие престанале да го нарачуваат лекот откако во подрачната служба Скопје од нивните фактури при плаќањето се одбиваат износите што се однесуваат на овој лек. Инаку оваа клиника е финансиски способна за плаќање на третманите на пациентите и не е јасно зошто сега престанале да го набавуваат лекот.*

*Татјана Лукановска додаде дека третманот на еден пациент според податоците на Клиниката за хематологија чини 2.800 евра месечно.*

*Љубиша Каранфиловски наведе дека би сакал да можеме да помогнеме но праша дали правногледано имаме можност тоа да го сториме.*

*Бранислава Катушевска наведе дека Фондот ги прифаќа, односно плаќа само лековите кои се на Листата на лекови на товар на Фондот. Меѓутоа,*

*здравствените установи имаат можност да користат и други лекови кои не се на листата но се регистрирани ако наоѓаат дека е потребно да се применат. Таквите лекови паѓаат на нивни товар и не може да ги фактурираат на Фондот.*

*Горан Коевски наведе дека е дискриминаторски лекот да се применува само на ограничен број на пациенти.*

*Борис Јосифовски пак наведе дека преседан е направен со тоа што во буџетот на Клиниката за хематологија за 2009, Фондот антиципирал средства и за терапија со Glivec. Со оглед на предупредувањето дека терапијата на лицата кој го примаат овој лек не смее да им биде прекината, мора да се најде некакво решение. Најопшто земено, Фондот треба на своите осигуреници да им обезбеди здравствени услуги, па поради тоа наведе оти смета дека треба да се продолжи со финансирањето до крајот на годината а потоа лекот да се вклучи во Листата на лекови на товар на Фондот.*

*Според Бранислава Катушевска, може да се каже дека проблемот не е во средствата туку во реализацијата, односно непостоењето на основ подрачната служба да ги плати фактурите во делот кој се однесува на лек што не е на Листата на лекови на товар на Фондот.*

*Татјана Лукановска додаде дека според анализата на Фондот, Клиниката за хематологија има доволно средства за до крајот на годината да ги плаќаат третманите.*

*Директорот Јелникар наведе дека проблемите од овој вид произлегуваат од нерасчистените состојби од порано во однос на тоа што треба преку позитивната листа да е на товар на Фондот а што треба болницата да обезбеди на свој товар. Инаку, лекот за кој се зборува е само еден од скапите лекови кои ги има уште десетина. За сите тие да се финансираат ќе требаат 10 - 15 милиони евра, средства кои не можеме да ги издвоиме.*

*На крајот од расправата по оваа точка, Управниот одбор едногласно го донесе следниот*

***Заклучок:** Клиниката за хематологија има доволно средства од буџетот за 2009 година (364.419.227 денари), за да им овозможи на сопствените пациенти лекување според начелата на медицината базирана на докази.*

***ТОЧКА 2 -** Одлука за утврдување на Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2009 година*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова потсети оти на минатата седница го запозна Управниот одбор дека на седницата одржана на 08.11.2009 година, Собранието на Република Македонија донесе Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година. Во врска со тоа, Управниот одбор на Фондот треба да донесе и одлука за утврдување на овие измени и дополнувања. Од таа причина, на оваа седница се предлага донесување на одлуката.*

*Љубиша Каранфиловски осврнувајќи се на измените и дополнувањата, забележа дека има намалување на средствата за болничката и примарната здравствена заштита а зголемување кај специјалистичко - консултативната.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова наведе дека тоа е направено во согласност со постојните договори со здраствените установи подоцна ревидирани, и се наши проекции како би ја завршиле годината. Додаде и дека би сакала во наредниот период, со Управниот одбор да се дефинира политиката за 2010 година во однос на средствата што се издвојуваат за одделна дејност имајќи ги во вид сите импликации.*

*Потоа, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2009 година***

*со која го утврди Изменувањето и дополнувањето на буџетот на Фондот извршено со Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија за 2009 година од седницата на Собранието на Република Македонија одржана на 08.11.2009 година.*

***ТОЧКА 3 -*** *Информација за долгот на јавните здравствени установи за септември 2009 година*

*Беким Сали потсети дека оваа точка беше на дневниот ред на минатата седница кога беше подготвен и материјал. Расправата се одложи за оваа седница во очекување на проекции за работењето до крајот на годината од здравствените установи кои имаат доволно средства за успешно завршување на годината. По добивањето на проекциите, стручната служба требаше да изготви анализа за прераспределба на средствата во буџетите на јавните здравствени установи.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова објасни дека стручната служба како дополнително на материјалот разгледуван на мината седница подготви Анализа за остварувањето на договорениот вид и обем на здравствените услуги за периодот јули – септември 2009 година, како и Анализа на тековната финансиска состојба на ЈЗУ и проекција за нивната финансиска состојба до крајот на годината кои се поделени на членовите на Управниот одбор. Материјалите се изготвени најмногу во функција на следната точка на дневниот ред, Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2009 година. Објасни дека појдовна основа е обемот на услуги за да се види дали долговите се должат на натфрлање на услугите. Потоа наведе дека се направени две анализи.*

*Првата анализа за остварување на договорениот вид и обем се однесува на остварувањето во однос на планираниот вид и обем на здравствени услуги во ЈЗУ согласно склучените договори за пружање и плаќање здравствени услуги за 2009 година. За потребите на анализата одделно по здравствени установи е пресметан и утврден индекс на остварување, односно неостварување во третиот квартал на 2009 година. Кај ЈЗУ кои имаат индекс на остварување под 1.00, пресметан е износот на варијабилниот дел кој треба пропорционално на индексот да се намали, и на истиот износ е додадена и рефундација која исто така треба да се одбие од буџетите на ЈЗУ. (Кај ЈЗУ кои имаа зголемен индекс, односно индекс над 1.00 не се направени никакви корекции.) Износот*

*добиен по вкупното намалување на буџетите за неостварување на вид и обем во вкупната вредност од 34.6 милиони денари, потоа е прераспределен кај ЈЗУ кај кои е најнеопходна нагорна корекција на договорениот надоместок заради зголеменaта потрошувачка на одредени лекови (инсулини, цитостатика и други специфични лекови), медицински потрошни материјали (за дијализа и др.), како и потрошувачка на вградени материјали кои значително влијаат на остварување на здравствените услуги на осигурените лица.*

*Со другиот приод, првата анализа е надополнета со анализа на тековната финансиската состојба на ЈЗУ. Имено, анализирани се одделно сите ЈЗУ кои имаат високи износи на нивните жиро сметки, немаат долгови и се предвидува остварување на високо неискористено позитивно салдо до крајот на годината. Со вториот приод износот на средствата кој треба да се намали по основ на вид и обем во комбинација со кумулирани позитивни салда изнесува 96.5 милиони денари. Слично како и во претходната варијанта утврдени се приоритетите кај здравствените установи кај кои е потребна нагорна корекција на договорениот надоместок заради зголемена потрошувачка на одредени лекови (инсулини, цитостатика и други специфични лекови), медицински потрошни материјали (за дијализа и др.), како и потрошувачка на вградени материјали.*

*Остатокот од средствата во износ од 9.1 милиони денари може да се искористи за исплата на делот од боледувањата.*

*Во прилог е дадена табелата која ги опфаќа сумираните резултати на претходните две анализи. Поточно, табелата ги содржи следните податоци:*

- *вкупниот годишен договорен буџет за 2009 година,*
- *пресметаниот договорен надоместок од буџетот за третиот квартал,*
- *вкупно фактурираните здравствени услуги на ниво на здравствена установа за третиот квартал,*
- *рефундациите на лековите и вградените материјали на осигурените лица за третиот квартал,*
- *вкупниот износ за намалување договорениот надоместок во согласност со помалку остварени услуги во едни здравствени установи, и соодветно зголемување на надоместокот кај другите здравствени установи каде е најнеопходна корекција,*

*вкупниот износ за намалување договорениот надоместок во согласност со помалку остварени услуги и намалување по основ на анализата на финансиската состојбата и проекција на салдо до крајот на годината во едни здравствени установи, и соодветно зголемување на надоместокот кај другите здравствени установи каде е најнеопходна корекција.*

*Љубиша Каранфиловски во врска со зголемувањето на долговите на јавните здравствени установи и ребалансирањето на нивните буџети потсети дека и порано укажал дека за да може да се димензионира реален буџет, треба да се земат две-три установи со сличен буџет и да се следи движењето на долговите кај секоја од нив. На тој начин ќе може да се оцени нивното менаџирање. Во овој момент менаџирање имаме само декларативно па затоа тешко можеме да издвоиме добри и лоши јавни здравствени установи во услови кога добрите резултати може да се постигнати под влијание на различни дополнителни фактори. Без вакви споредби немаме реални аргументи за ребалансите.*

*Директорот Јелникар наведе дека е потребно да се направи комплетен преглед со комплетното работење на здравствените домови. Со тоа ќе имаме репер за вршење на ребалансите. Менувањето само на некои буџети според моментните потреби не е добро. За секоја одлука сега а особено за 2010 година мора да имаме цврсти критериуми.*

*Љубиша Каранфиловски додаде дека примарната здравствена заштита (матичните лекари), се плаќа по капитација и здравствените домови како здравствени установи од примарната здравствена заштита се соочуваат со проблемот на таквото финансирање па им се определуваат буџети - буџетирање. Факт е дека болниците генерираат најголеми долгови, здравствените домови помалку генерираат долгови, но повлекуваат средства преку буџетирањето со помало фактурирање од средствата дозначени од ФЗОМ, што значи нивното буџетирање е поврзано и треба да е поврзано со нивните трошоци како би можеле да функционираат. Треба да дадеме придонес за утврдување на цврсти критериуми за утврдување на буџетите. Радува што во таа насока има добра соработка помеѓу Фондот и Министерството за здравство.*

*Беким Сали праша дали Фондот ќе ги извести здравствените установи за промените во буџетите, а директорката Парнарџиева - Змејкова одговори дека е планирано да се повикаат оние установи на кои ќе им биде намален буџетот за да бидат известени директно, додека за останатите се подготвува детално известување.*

*Потоа беа разгледувани анализите за одделни јавни здравствени установи, при што членовите на Управниот одбор поставуваа прашања и расправаа за оптималниот начин за извршување на ребалансот.*

*На крајот на расправата, Управниот одбор едногласно ја усвои Информацијата за долгот на јавните здравствени установи за септември 2009 година.*

***ТОЧКА 4 -** Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2009 година*

*врз основа на вториот приод во изготвување на ребалансот на буџетите на јавните здравствени установи, препорачан во рамките на дискусијата по точката 3 од дневниот ред, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2009 година***

*со која се утврдија нови буџетски плафони за 78 јавни здравствени установи.*

***ТОЧКА 5 -** Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Објаснување на овој предлог даде Кристина Христова. Објасни дека предлогот се однесува на бришење на траките за брзо одредување на гликемија од*

*одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот. Овие траки не се ниту на листата на лекови на товар на Фондот. Тоа од причина што тие не се лекови, туку согласно решението на Бирото за лекови спаѓаат во медицински помагала.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која од одлуката се бришани траките за брзо одредување на гликемија.*

***ТОЧКА 6 -*** *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2009 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2009 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*Со која согласно усвоениот Ребаланс на Буџетот на Република Македонија за 2009 од 8 октомври 2009 година, поради намалените тековни расходи на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 15%, се изврши измена на позиции на Планот за јавните набавки за 2009 година, односно отстранување на определени позиции за кои е одложена реализацијата на потребите.*

*Под точката разно немаше предлози за разгледување, па по разгледувањето на точката 6, Управниот одбор во 13.00 часот заврши со работата на LXIV -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Беким Сали***